


Карпестата уметност се состои во претстави на луѓе, животни, идолиформи, симболи, создадени со гравирање, сликање или низок релјеф врз камења и карпи.

Карпестата уметност во Македонија почнала да се создава пред повеќе од 15 000 години. Оваа уметност ја создавале праисториските луѓе кои ја населувале територијата на Македонија пред повеќе милениуми.

Неодамна е откриен 100 000-от карпест гравир на територијата на Република Македонија. Се претпоставува дека на територијата на денешна Македонија има над еден милион карпести гравири. Според Светската Федерација за Карпеста Уметност Македонија е светски лидер на полето на истражувањето на карпестата уметност.

Според др. Душко Алексовски, Македонија е резерват на карпеста уметност. Во Македонија е пронајден и Скочивирскиот натпис-атомска бомба во научниот свет. Сличноста на буквите од овој натпис со буквите од глаголицата упатуваат на размислување дека Светите браќа Кирил и Методиј не случајно го измислиле "словенското писмо".

Истражувањата на карпестата уметност во Македонија се битни за правилното дефинирање на културното, историското и јазичното наследство на светската цивилизација. Карпестата уметност живее во духот на македонскиот народен гениј, што може да се забележи од следните две фотографии. Карпестиот гравир е речиси идентичен со народниот вез од село Бељаковце.

*Убава Македонија*